Врз основа на член 74 став 2 од Законот за енергетика (Сл, весник на РСМ бр.96/18, 96/19 и 236/22), член 35-а од Статутот на Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, Акционерско Друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост Скопје (Службен Весник на РСМ бр.165/20), член 3, член 4 од Правилникот за работењето, овластувањата, правата и обврските на Службеникот за усогласеност бр. бр.02-945 од 11.02.2019 година и согласно член 18 од Деловникот за работа на Надзорниот Одбор, Надзорниот Одбор на Друштвото на 19-от состанок, одржан на ден 02.11.2023 година, под точка 2 од дневниот ред *„Разгледување на Извештај по спроведен Јавен оглас согласно Одлука НО бр.02-6010/4 од 12.10.2023 година, објавен во дневните весници „Нова Македонија" и „Коха" на ден 14.10.2023 година и веб страната на АД МЕПСО, доставен со архивски број 04-6053/1 од 30.10.2023 година"*, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

1. Од доставениот Извештај на Комисијата формирана со Одлука НО бр.02-6010/4 од 12.10.2023 година (архивски бр.6053/1 од 30.10.2023 година) Надзорниот Одбор на АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје констатираше дека на Јавниот оглас објавен во дневните весници „Нова Македонија" и „Коха" на ден 14.10.2023 година, пристигната е само една пријава, од д-р Саша Максимовски.

2. Се констатира дека кандидатот од точка 1 на оваа Одлука ги исполнува бараните услови кои се наведени во Јавниот оглас, а се во согласност со член 74 став 5 од Законот за енергетика (Службен Весник на РСМ бр.96/18, 96/19 и 236/22), член 35а од Статутот на АД МЕПСО во државна сопственост Скопје (Службен Весник на РСМ бр.165/20), како и член 3 (точка 1 и 2) и член 4 (точка 7 и 8) од Правилникот за работењето, овластувањата, правата и обврските на Службеникот за усогласеност на Друштвото (архивски бр.02-945 од 11.02.2019 година).

3. Надзорниот одбор на АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје го именува д-р Саша Максимовски за Службеник за усогласеност во Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост Скопје.

4. Одлуката е донесена едногласно од страна на сите присутни членови на Надзорниот одбор на Друштвото.

5. Оваа Одлука стапува на сила на денот на донесувањето, а ќе произведе правно дејство по добиеното одобрување на истата од страна на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на РСМ.

**НО бр. 02-6481/2**
**02.11.2023 година**

**Претседател на Надзорен Одбор**
**проф.д-р Даме Коруноски**

Членови на Надзорен одбор на АД МЕПСО:

проф.д-р Николче Ацевски

Назиф Буши

Мусли Муслиу

Дарко Тасев

проф. д-р Владимир Димчев

Јане Миланов

ДН
- Кабинет на Генерален директор х 2
- Именуваното лице (Саша Максимовски)
- Сектор за финансиски работи
- Оддел за правни работи
- Архива